Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 63, 1 јули 2011 година

јули 2011 година
Штип

С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд-одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научното поле психијатрија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 5

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање помлад асистент/асистент за научната област кинезиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 9

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област физиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 12

**РЕФЕРАТ** за наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област офталмологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 15

**РЕФЕРАТ** за наставник во насловно звање доцент за наставно-научното поле клинички медицински науки, интерна медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 19

**РЕФЕРАТ** за избор на еден помлад асистент за научната област германистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 28

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање асистент за научната област историја на општа книжевност на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 30

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент во научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 35

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во звање доцент за наставно-научната област историја на општа книжевност на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 38

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање насловен доцент за наставно - научната уметничка област кларинет на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 55

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање насловен доцент за наставно-научната уметничка област традиционални инструменти на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 66

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент во научната област меѓународно право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 70

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник асистент за научната област право на Европска унија на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 73

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за научната област педагогија и образование на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 80

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за научното поле туризам и угостителство на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 84

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент за наставно-научната уметничка област виолончело на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 86

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научното поле стоматологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 91

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Граматика на германскиот јазик – морфологија” од авторите доц. д-р Билјана Ивановска и доц д-р Нина Даскаловска од Филолошки факултет при Универзитет„Гоце Делчев“ - Штип ........ 97

**РЕЦЕНЗИЈА** на трудовите „Скрипта за вежби по предметот Социологија на правото“ и „Практикум за вежби по предметот Социологија на правото“ од д-р Страшко Стојановски при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 98

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за интерна скрипта по предметот Заштита на животната средина од енергетски постројки од авторите д-р Златко В. Соврески од Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев”- Штип и д-р Антон Чаушевски од феит при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје ........ 101

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по предметот Бањски туризам“ од доц. д-р Нако Ташков и м-р Дејан Методијески ........ 103

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН СОРАБОТНИК ВО ЗВАЊЕ ПОМЛАД АСИСТЕНТ/ АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ КИНЕЗИОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП**

Според Конкурсот, објавен во дневниот весникот „Дневник" на 4 април 2011 година, Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип на седницата одржана на 15 април 2011 година донесе Одлука бр. 2502-53/11 за формирање на Рецензентска комисија во состав:

1. пред. м-р Ленче Николовска – претседател;
2. проф д-р Иван Топузов – член;
3. доц. д-р Лејла Крајџикова – член.

за избор на еден соработник во звање ***помлад асистент/асистент*** за научната област ***кинезиологија*** на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип.

**И З В Е Ш Т А Ј**

На Конкурсот, објавен во дневниот весник „Дневник" на 4 април 2011 година, за избор на еден соработник во звање помлад асистент/ асистент за научната област кинезиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип се пријавија кандидатите м-р Данче Василева, м-р Марјан Манев, м-р Елена Соклевска-Илиевски, Тамара Страторска, Бојан Станков и Дијана Герасимовска.

***Биографски податоци***

Кандидатката ***м-р Данче Василева*** е родена на 30 јануари 1986 година во Штип. Во учебната 2004/2005 година се запишува на прв циклус студии на Факултетот за кинезитерапија, туризам и спортска анимација на Националната спортска академија „Васил Левски" во Софија, Р. Бугарија, каде што дипломира во 2009 г. и се стекнува со звање дипломиран кинезитерапевт. Во 2009 година се запишува на втор циклус студии на Факултетот за кинезитерапија, туризам и спортска анимација на Националната спортска академија „Васил Левски" во Софија, Р. Бугарија, специјалност: кинезитерапија, магистерска програма – Кинезитерапија кај мускулно-скелетни дисфункции. Предвидените испити од вториот циклус студии ги завршува со одличен успех (5,81). На 16 ноември 2010 г. успешно го одбранува магистерскиот труд на тема „Примена на зглобно-мобилизациони и мускулно-инхибиторни техники по руптура на Ахилесовиот лигамент", со што се стекнува со титула магистер по кинезитерапија.

М-р Данче Василева учествува во:

- Специјалистички курс по ароматерапија 2006 г.;
- Специјалистички курс по тајландска рефлекторна масажа на стапалата 2007 г.;
- Јубилејната научна конференција „60 години кинезитерапија во Бугарија" 12-14.10.2007 г.;
- Квалификациски курс по акупунктура 2008-2009 г. во Софија;
- Квалификациски курс по акупунктура и тујна 2009 г. под раководство на Prof. Dr. Le Yimin и Prof. Dr. Wi Xiang од Нанчан, Кина;
- Активен член на Сојузот на кинезитерапевтите во Бугарија и Бугарската асоцијација по иглотерапија на кинезитерапевтите.

Од 28 февруари 2011 година, м-р Данче Василева склучува договор за волонтерска работа на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип каде што е обврзана да помага во наставно-образовната работа. Кандидатката во овој период

активно учествува во одржувањето на вежбите по предметите Кинезиологија со патокинезиологија и патобиомеханика и Медицинска масажа.

Кандидатката добро ги владее англискиот, бугарскиот и српскиот јазик, како и компјутерските програми: Word, Excel, Power Point, Internet.

Кандидатката м-р Елена Соклевска-Илиевски е родена на 5 јануари 1983 година во Битола. Во учебната 2001/2002 година се запишува на Факултетот за физичка култура при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, каде дипломира во 2004/2005 година со просечен успех 9,29 и се стекнува со звање професор по физичка култура.

Во учебната 2007/2008 година е запишана на втор циклус студии на Факултетот за физичка култура при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Завршува во учебната 2010/2011 година со одбрана на магистерски труд на тема „Структура на карате елементите во спортската борба и нивното влијание врз постигнатиот успех", со просечен успех 9,33 и се стекнува со стручен назив магистер по кинезиологија.

***Работно искуство***

Од 1 октомври 2007 до 15 мај 2008 год. е соработник (помлад асистент) по предметот Специјално физичко образование на Полициската академија во Скопје. Од 1 октомври 2008 до 1 јули 2009 год. е демонстратор по предметот Специјално физичко образование на Факултетот за безбедност во Скопје. Од 15 февруари 2009 до 15 јуни 2010 год. е асистент по Спортски вештини на Интернационалниот универзитет во Нови Пазар (дисперзирани студии на Правниот факултет во Ниш).

***Објавени трудови***

– „*Анализа на релацијата помеѓу ставот на студентите за предметната програма по Специјално физичко образование и добиената оценка при завршено полагање на испитот*" (коавтор), Годишник на Полициската академија, Скопје 2008 година.
– „Анализа на структурални промени и разлики во биомоторните димензии кај двете генерации студенти на Факултетот за базбедност по двегодишен едукативен тренажен процес" (автор), Годишник на Факултетот за безбедност, Скопје 2009 година.

Добро го владее англискиот јазик.

Кандидатот **м-р Марјан Манев** е роден на 29 септември 1970 година. Средно образование завршува во Штип. Дипломира во 1993 година на Факултетот за физичка култура при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Своето образование го продолжува со втор циклус студии на Факултетот за физичка култура при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Во 2009 година го одбранува својот магистерски труд на тема „Утврдување на биомеханичката структура и оптималност на методиката на учење во пинг-понг" и се стекнува со звање магистер во областа на физичката култура. Добро го владее англискиот јазик.

***Работно искуство***

Од 1995 до 2002 год. во ОУ „Тошо Арсов" – Штип. Од 2002 до 2003 год. во СОУ „Јане Сандански" – Штип. Од 2009 до 2010 год. во ОУ „Ванчо Прке" – Штип.

Кандидатката **Тамара Страторска** е родена на 25 септември 1987 година во с.Русиново – Берово. Првиот циклус студии го завршува на Медицинскиот универзитет во Плевен, Р. Бугарија, во 2010 година и се стекнува со академски назив дипломиран рехабилитатор и ерготерапевт со просечен успех 9,16. Во 2010 година се запишува на втор циклус студии на Медицинскиот универзитет во Плевен, Р. Бугарија и тие се во тек.

Добро ги владее англискиот и бугарскиот јазик.

Кандидатката Тамара Страторска не ги исполнува условите за избор во помлад асистент/асистент, бидејќи нема доставено диплома за завршен втор циклус на студии.

Кандидатката **Дијана Герасимовска** е родена на 8 декември 1984 година во Скопје. Во учебната 2004/2005 година се запишува на Факултетот по педагогија, специјалност: кинезитерапија при Југозападениот универзитет „Неофит Рилски“ во Благоевград, Република Бугарија, каде што дипломира во 2008 година и се стекнува со звање дипломиран кинезитерапевт.

Во учебната 2008/2009 година е запишана на втор циклус студии на Факултетот по кинезитерапија, туризам и спортска анимација на Националната спортска академија „Васил Левски” во Софија, Р. Бугарија, каде ѝ претстои одбрана на магистерски труд.

Добро ги владее англискиот и бугарскиот јазик.

Кандидатката Дијана Герасимовска не ги исполнува условите за избор во помлад асистент/асистент за научна област кинезиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, бидејќи нема доставено диплома за завршен втор циклус на студии.

Кандидатот **Бојан Станков** е роден на 30 јануари 1981 година во Скопје. Во периодот од 2001 до 2005 година е запишан на прв циклус студии на Факултетот за кинезитерапија при Универзитетот „Ангел Канчев” во Русе, Р. Бугарија, каде што дипломира во 2008 година и се стекнува со звање дипломиран кинезитерапевт.

Во учебната 2005/2006 година се запишува на втор циклус студии на Факултетот по кинезитерапија, туризам и спортска анимација на Националната спортска академија „Васил Левски” во Софија, Р. Бугарија.

Добро ги владее англискиот и бугарскиот јазик.

Кандидатот Бојан Станков не ги исполнува условите за избор во помлад асистент/асистент за научна област кинезиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, бидејќи нема доставено комплетна документација за завршен втор циклус студии.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Според критериумите за избор во звање помлад асистент, од Законот за високото образование на Република Македонија, пропишано е дека „за помлад асистент може да биде избрано лице кое има завршено студии од втор циклус од соодветното научно подрачје (титула магистер)“.

Врз основа на материјалите приложени од кандидатите, како и од анализата на нивните биографии, Рецензентската комисија со посебна чест и задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип да ја избере кандидатката м-р Данче Василева во звање помлад асистент за научната област кинезиологија.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Пред. м-р Ленче Николовска – претседател, с.р.**
**Проф. д-р Иван Топузов – член, с.р.**
**Доц. д-р Лејла Крајџикова – член, с.р.**